# КАРПОШ
# неделен Е - БИЛТЕН







**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
15 - 21 април 2019 Билтен бр. 317

# ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДЕНО ПЛАТОТО НА ПОРТА ВЛАЕ

Општина Карпош викенд (13 и 14 април) хортикултурно го уреди и платото кај Порта Влае. Во жардиниерите се засадија повеќе украсни грмушки, со кои ќе се зголеми зеленилото на овој потег.

Локалната самоуправа веќе ја започна и пролетната акција за засадување на нови дрвја, во населбите Козле, Тафталице 2 и Карпош 4.

Во претстојниот период, ќе се засадат уште 237 дрвја на територијата на Општина Карпош.







# БЛАГОДАРНОСТ ЗА СИТЕ ФИРМИ КОИ УЧЕСТВУВАА ВО ВИКЕНД АКЦИЈАТА НА КАРПОШ

Општина Карпош испрати благодарници до сите општествено одговорни институции и компании кои се приклучија кон големата викенд акција за чистење на Карпош.

Градоначалникот Стефан Богоев им се заблагодари за нивниот придонес и ангажман во обидот да се подигне јавната свест, но и да се испрати порака дека секој носи одговорност за здрава и чиста животна средина.

Општина Карпош продолжува со секојдневното и тековно одржување на јавната хигиена, а овие акции ќе бидат пракса и во иднина.

Кон акцијата „Карпош нека дише“ се приклучија: ЈП Паркови и зеленило, ЈП Комунална хигиена – Скопје, Министерството за животна средина и просторно планирање, Лајонс Дистрикт 132 Македонија, Е-марк Македонија, Енекод, Центар за социјални иновации БЛИНК 42 – 21, Acibadem Sistina, Лабораторија Avicena, групата DNK, Друштво за управување со отпад НУЛА ОТПАД, здружението Екоскоп, Црвен крст – Карпош, Зоолошка градина – Скопје, приватна детска градинка „Колорес“, „Пакомак“, Sunilens, Црвен крст – Карпош, Здружение на граѓани – АКЦИЈАШИ и ПроКредит банка.



# ГРАНТ ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ТОАЛЕТИТЕ ВО ООУ „АВРАМ ПИСЕВСКИ“

Општинското основно училиште „Аврам Писевски“ е добитник на грант во рамки на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието, компонента 3 – обезбедување стимул на училиштата / реновирање во текот на 2019 година.

Секторот за развој при Општина Карпош ја подготви апликацијата за овој проект во соработка со Секторот за дејности од јавен интерес, со кој ќе се овозможи реконструкција на сите тоалети во училиштето „Аврам Писевски“ во Бардовци.

Добиен е грант од 1.200.000 денари од УСАИД, додека Општината ќе учествува со 300 илјади денари.

Реконструкцијата на тоалетите ќе се одвива во летниот период, при што еден од критериумите во повикот е во процесот на подобрување на условите да имаат вклученост и учениците, наставниот кадар и родителите, со цел да се изгради однос на грижа и заштита кон тоа што се создава.

Општина Карпош продолжува да работи на апликации за проекти од најразлични области, со што се обезбедуваат средства за подигнување на квалитетот на живот за сите граѓани.



# ЗАПОЧНА АСФАЛТИРАЊЕТО НА УЛИЦИТЕ „РИМСКА“ И „АТИНСКА“

Во вторникот (16.04) започна асфалтирањето на улиците „Римска“ и „Атинска“ во урбаната заедница Владо Тасевски (Млечен).

Во должина, ќе се реконструираат 175 метри од улицата „Атинска“ и 230 метри од „Римска“. Изведувач на улиците е ГД „Гранит“ АД Скопје, а средствата се обезбедени од страна на Светска банка.

Теренски увид направи и градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев заедно со претставниците од Одделението за комунална инфраструктура.

Локалната самоуправа продолжува со тековното подобрување на инфраструктурата, со цел да се направат безбедни и пристапни улици за сите учесници во сообраќајот.







## ГРАНТ ОД 50.000 ЕВРА
## ЗА ИНКЛУЗИВНО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО ВЛАЕ 2

Општина Карпош доби грант од 50.000 евра за изградба на инклузивно детско игралиште. Игралиштето за деца со посебни потреби, ќе биде лоцирано до плоштадот Делфина (до постоечкото детско игралиште), во урбаната заедница Влае 2. Изведбата на ова инклузивно детско игралиште се очекува да започне во мај.

Финансиер на овој проект е Министерство за локална самоуправа и Швајцарската агенција за соработка и развој (SDC) преку грант добиен од Скопски плански региони, а во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој".

Апликацијата за овој проект ја подготви Секторот за развој при Општина Карпош.
Во процесот на добивање на грантот беа организирани повеќе форумски сесии, каде што се разгледуваше оправданоста на предлог проектите и Општина Карпош беше меѓу прво рангираните локални самоуправи.

Со ова детско игралиште за деца со посебни потреби ќе се унапреди вклучувањето на овие лица во секојдневните, спортско - рекреативни активности. Исто така, се овозможува простор за правилен раст и развој на лицата со попреченост.

Во изминатиот период локалната самоуправа отвори и сензорна соба за учениците со попреченост во ООУ „Димо Хаџи Димов", а намерата е да се продолжи со создавање на подобри услови за живот на лицата со попреченост на локално ниво.



# НОВ МААЛСКИ ПАРК СО ДЕТСКО ИГРАЛИШТЕ ВО КРИВИ ДОЛ

Општина Карпош започна со изведбата на нов маалски парк со детско игралиште во Криви Дол.

По повеќе години, конечно започнува развојот и на овој дел од Карпош, со содржини за рекреација на сите граѓани.

На оваа јавна површина ќе има ново детско игралиште, со нови детски реквизити и соодветна урбана опрема.

Ќе се поставаат нови клупи и корпи за отпадоци, а нема да изостане и хортикултурното уредување (нови дрвја и садници), со цел да се направи хуман баланс на просторот.

Локалната самоуправа продолжува со унапредување на квалитетот на живот во Карпош, со овозможување на нови содржини за рекрација на граѓаните.





# ИНФОРМАТИВНА СРЕДБА НА БОГОЕВ СО ПЕНЗИОНЕРИТЕ ОД КАРПОШ 1 И 2

Продолжија информативните средби на градоначалникот на Општина Карпош, Стефан Богоев со пензионерските клубови на територија на Општината. Денеска, Богоев се сретна со повозрасните наши сограѓани од Карпош 1 и Карпош 2.

Присутните се информираа за проектот Мој Карпош – Моја Картичка, но со градоначалникот поразговараа и за други актуелни прашања и проблеми.

-Со картичкагта Мој Карпош успеавме да направиме мост на соработка меѓу граѓаните, локалната самоуправа и бизнис секторот. Ве повикувам да се регистрирате и да добиете картичка за голем број на попусти и бенефиции во угостителски објекти, здравствени ординации, културни и спортски објекти, рече Богоев.

Во пријатна и топла атмосфера, пензионерите искрено разговараа со градоначалникот и на тема за заштита на животната средина.

„Бев кај син ми во Австралија. Изразив желба да го наводнам зеленилото во дворот, но веднаш ме опоменаа. Затоа што таму има систем и се знае во точно утврден ден и време кога се наводнуваат зелените површини, но и граѓаните каде и кога го фрлаат отпадот", искрено говореше сограѓанката.

Секој носи одговорност за здрава и чиста животна средина. За да имаме правилен и хуман развој на населбите, треба секој да води сметка. Градоначалникот Богоев напомена дека Општината ќе ги интензивира и инспекциските контроли на терен, за да се спречи свесното уништување на урбаната опрема и фрлање на отпадот на јавните површини.

При крајот на средбата се разговараше и за проектот за „Хумани патроли", кој е во процес на подготовка и консултација со засегнати страни, со којшто ќе се овозможи нега и заштита за дел од социјално загрозените граѓани и изнемоштени лица.



## ЗДРАВА ИСХРАНА ВО ГРАДИНКАТА „МАЈСКИ ЦВЕТ“

Во консултација со нутриционисти надлежни во делот на исхрана на градинките од ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ и д-р Александар Митов детската градинка „Мајски цвет“, во Општина Карпош, направи измени во исхраната на децата, поточно во ужинките и додатоците на главните оброци.

Кондиторските производи сега се заменети со поздрави оброци кои ќе овозможат правилен раст и развој на децата, но и подигнување на стандардите и постепено воведување на „нова култура“ во исхраната на најмладатата популација. Така, од сега натаму, децата ќе јадат пченичен интегрален леб од обработени зрна (малтозна пченица, пченични зрна, пченични трици, пченични снегулки и малтозен јачмен), пченкарен леб од пченкарно и пченично брашно збогатено со сончогледово семе, интегрален леб со микс од зрна (семки од тиква и сончоглед, ржани и овесни снегулки, ленено семе, малтозен јачмен, пченични трици, никулци, семе од афион), житни снегулки (овесни, пченични, ржани и јачменови). Салатите ќе бидат свежи, зачинети со хималајска, кристална сол, ладно цедено маслиново масло и балсамико оцет.

Ужинките се тазе приготвени во кујната на градинката и тоа најчесто се мафини со мелени семки од тиква, сончоглед, сусам и лен, чоколадни бомбици со урми, суви сливи, овесни снегулки, мелени интегрални бисквити, мед, какао, цимет, семе од коприва валкани во кокосово брашно, бомбици од пченица, мелени ореви и интегрални бисквити со суво грозје валкани во ореви, сутлијаш со цимет и рогач, пудинг со сецкано овошје, овошен јогурт со свежо блендирани банани и малини. Во ивој дел од усхраната се воведува бобичасто овошје (малини, капини, аронија), како и оризови галети и експандирани житарки.

Намерата на локалната самоуправа е овие измени во исхраната на децата да продолжат и во другите градинки на територија на Карпош. Со тоа Општина Карпош продолжува да работи на создавање подобри услови во предучилишното образование. во ужинките, во согласност со Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца.

